ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ГРАДСКИ ГРОБИШТА
Бр. 02-48/6
01.02.2024 год.
Охрид

*ЈП" ГРАДСКИ ГРОБИШТА" ОХРИД*


**Тел/фах:267-268 ГрадскиГробишта :Е- маил:**
**Жиро сметка : 250-0010027099-66 Дан. бр.:4020010514318**
**Депонент :Шпаркасе Банка" - Охрид**


Врз основа на член 52 став 3 од Законот за Административни службеници ( Сл.весник на РМ бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и Сл.весник на РСМ бр.275/19 и 14/20 ) , В.Д.Директорот на ЈП Градски Гробишта Охрид донесува :

ОДЛУКА

за невршење на избор за кандидат за унапредување на административен службеник по Интерен Оглас бр. У01/2023

1. НЕ СЕ ВРШИ ИЗБОР на кандидат за унапредување на административен службеник , еден извршител за работно место ,, Раководител на Сектор за финансиско работење ,, со шифра на работно место КДР 0102 Б02 по Интерен Оглас бр.У01/2023 во ЈП Градски Гробишта Охрид.
2. Одлуката стапува во сила со нејзиното донесување.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

На ден 09.01.2024 година на интернет страницата на Агенцијата за администрација беше објавен Интерен Оглас бр. У01/2023 за унапредување на административен службеник во ЈП Градски Гробишта Охрид.

Со Решение за формирање на Комисија за селекција во постапка за унапредување на административен службеник по Интерен Оглас бр.У01/2023 бр.03-48/3 од 24.01.2024 година донесено од в.д.Директорот на ЈП Градски Гробишта Охрид , формирана е Комисија за селекција во функција на спроведување на постапката за која се состои од административна селекција и интервју.

Комисијата за селекција на 25.01.2024 год. ја спроведе првата фаза од постапката за селекција за унапредување - административна селекција, за што состави Записник од извршената административна селекција за административен службеник бр.03-48 /5 од 25.01.2024 година пропратен со прилог ,, Листа на уредни и неуредни кандидати ,,и ,, Ранг листа на кандидати кои продолжуваат на интервју ,, во кој се констатира дека за посоченото работно место се пријавил 0 ( нула ) уредни кандидати и 1( еден) неуреден кандидат односно кандидатат кој не ги исполнува условите утврдени во Интерниот Оглас У01 / 2023.

Имено,

согласно Правилникот за измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во ЈП Градски Гробишта Охрид бр.101-1248/1 од 12.12.2023 год. во делот на Посебните услови за пополнување на работно место ,, Раководител на Сектор за финансиско работење ,, утврдени во Интерниот Оглас У01/2023 кои кандидатот треба да ги исполнува стои : ,, ниво на квалификации VI A според Македонската рамка на квалификации и најмалку 240 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII /1степен, Општествени науки/ економија и бизнис или други општествени науки/ организациони науки и управување (менаџмент) а, кандидатот приложил Диплома од завршен втор циклус студии по ,, Безбедност и Финансиска контрола ,, и се стекнал со научен назив Магистер на науки од областа на безбедност и финансиска контрола , **за што Комисијата за селекција е на мислење дека не соодветствува со наведеното во Интерниот Оглас У01/2023 .**

Врз основа на горенаведеното се одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Правна поука : Против оваа одлука незадоволниот кандидат има право на жалба до Агенцијата за администрација во рок од 8дена од денот на објавувањето на одлуката на интернет страницата на институцијата.

ЈП Градски Гробишта Охрид

В.Д.Директор,

Тренески Драган